Врз одснова на член 34 од Законот за процена (Службен весник на Република Македонија бр. 115/10, 158/11,185/11 и 64/12), Собранието на Комората на ден 24.04.2013 донесе:

# КОДЕКС
## НА ЕТИКА НА ПРОЦЕНУВАЧИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

### 1.Предмет

Со овој кодекс се пропишуваат правилата од однесување по кои проценувачите се должни да постапуваат во извршувањето на работата проценувач.

### 1. Основни начела на постапување на проценувачот

Проценувачот ги завршува своите работи во согласност со начелата кои се однесуваат на :

1. Стручно и совесно извршување на работите во согласност со законот, со овој кодекс и другите прописи, со професионални стандарди за вршење на процена.
2. Објективно постапување во спроведувањето на процената без предрасуди, лични интереси или пристрасни ставови;
3. Навремено извршување на законските обврски.

### 3. Професионална одговорност

1. Со издавањето на лиценцата од страна на надлежниот министер, овластениот проценувач ја презема обврската своите должности предвидени со Законот за процена да ги извршува совесно и на најдобар можен начин.
2. Овластениот проценувач треба да прифати работи кои е во можност да ги изврши благовремено и самостојно.
3. Овластениот проценувач не може да се занимава со работи или професии кои можат да го компромитираат во извршувањето на работите во вршење на процената или кои можат да го загрозат неговиот личен и професионален кредибилитет.
4. Овластениот проценувач не може да советува или поттикнува други лица да вршат работи во врска со процената за кои овластениот проценувач знае или треба да знае дека се незаконски и нечесни.
5. Овластениот проценувач своите своите професионални обврски ги извршува ефикасно и благовремено и не може да презема било какви дејствија со кои би се одложувало неговото постапување,освен ако за тоа одложување не постојат објективни причини.
6. Овластениот проценувач не може лажно да се претставува ниту може било кој факт да го претстави на начин за кој може оправдано да се претпостави дека негативно ќе се одрази на другите овластени проценувачи или на самата процена.
7. Овластениот проценувач не може лажно да ги претставува своите способности и квалификации, со цел да биде избран во определена работа.

8. Овластениот проценувач не може да работи спротивно на Актите на Комората, Законите и правилниците за пресметување на награда и надоместок за вршење на процена

**4. Независност во работата**

1. Овластениот проценувач ги извршува своите работи самостојно и стручно.
2. Овластениот проценувач мора да биденезависен во однос на другите лица кои би можеле да влијаат на одлучувањето или резултатот од неговата работа во процената.
3. Пред прифаќањето на барањето за процена, овластениот проценувач е должен да испита дали постои конфликт на интереси согласно Законот за процена.

**5. Доверливост на информации**

1. Овластениот проценувач е должен на сите заинтересирани лица во процената да им обезбеди пристап до целосни и точни податоци во врска со предметот на процена.
2. Овластениот проценувач не може да дава информации на други лица во врска со предметот на процена.
3. Овластениот проценувач е должен да ги чува како деловна тајна сите доверливи информации кои се однесуваат на процената, освен ако обврската за давање на овие податоци е пропишана со закон или одобрена од стана на лицата на кои се однесуваат таквите деловни информации.
4. Овластениот проценувач не може во тек на процената, ниту по нејзината изработка, да ги користи доверливите информации до кои дошол вршејќи ја процената заради стекнување лична корист, корист за трето лице или нанесување на штета на трето лице.

**6. Судир на интереси**

1. Овластениот проценувач не може да одговора ниту да прима било каков вид на надокнада или да има друга корист од должностите кои ги извршува како проценувач, освен наградата за работата и надомест на материјалните трошоци кои се пропишани од страна на надлежниот министер.
2. Овластениот проценувач не може со цел обезбедување на своите професионални ангажмани од страна на трети лица да им исплаќа или нуди, непосредно или посредно, провизија, надокнада или други бенефиции на тие лица.

**7. Чување и управување со имотот на субјектот на процена**

1. Овластениот проценувач е должен со внимание на способен и вешт човек (професионалец) да го чува предметот на процена кој му е доверен.

2. Овластениот проценувач е должен да ги преземе сите неопходни мерки заради зачувување и заштита на доверениот предмет на процена.

**8. Распологање со предметот на процена**

1. Овластениот проценувач не може да го купува непосредно или посредно предметот на процена.
2. Во работа во која не врши процена, овластениот проценувач може да купува имот (предмет и права) предмет на процена ако тој имот се купува со законски спроведена постапка за продажба на имотот, под еднакви услови со сите останати потенционални купувачи.

**9. Колегионалност**

Овластениот проценувач не може да дава лажни и неточни информации за друг овластен проценувач.

**10. Ангажирани и вработени лица кај овластен проценувач**

Овластениот проценивач е должен да обезбеди активностите кои ги спроведуваат неговите вработени во друштвото да бидат во согласност со професионалните стандарди кои се применуваат за извршување на работите за процена.

**11. Известување за рабитата на овластениот проценувач**

Доколку во извршувањето на своите должности и овастувања овластениот преведувач не постапува согласно со овој Кодекс, заинтересираното лице за тоа ја известува Комората на проценувачи.

**12. Соработка со Комората на проценувачи и надлежните министерства**

Овластените проценувачи се должни целосно да соработуваат со Комората на проценувачи и надлежните министерства за сите прашања кои произлегуваат од Законот за процена, професионалните стандарди и други акти донесени од минстерствата кои се поврзани за работата на процената.

**13. Овој кодекс влегува во сила со денот на неговото донесување**

Бр.
Скопје, 24.04.2013

Претседател на Комората
Надица Младеновска-Крцкоска